Студиска програма: **ОПШТА МЕДИЦИНСКА СЕСТРА**

**СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ЗА ОНКОЛОГИЈА**

Времетраење на студиската програма: **1 година (II СЕМЕСТРИ)**

ЕКТС кредити: **60**

## Цели на студиската програма

Основна цел на студиската програма е да се одговори на потребите на општеството за кадри од областа на здравствената заштита со специјализацијата по онкологија. Овие кадри треба да поседуваат знаења и вештини, кои ги прават компетентни за одделни улоги на здравствената заштита. Програмата ќе ги интегрира теоријата и практичното искуство и ќе биде реализирана на начин кој овозможува стекнатите знаења и искуства да се надоградуваат во текот на специјализацијата, и на тој начин специјалистите да се соочуваат со променливите потреби на здравството како во сопствената земја, така и во било која средина во која професионално ќе дејствуваат.

Програмата е дизајнирана согласно со Европските директиви за регулирани професии, потребите на земјата за ваков вид кадри, со целите на Стратегијата на СЗО "Здравје во 21 век", начелата на Болоњската декларација, како и постојната здравствена политика на Република Македонија.

Во студиската програма се почитувани барањата на Европските Директиви за регулирани професии (Directive 2005/36/EC of the European Parliament and of the Council of 7 September 2005 on the Recognition of Professional Qualifications, pp. 111 and 123), pp. 111 and 123).

## Резултати од учењето (специфични дескриптори на квалификации)
**знаења и разбирање**

- Многу прецизно ги познава тематските области, пред сé во фундаменталните науки, како што е медицинска генетика, физиологијата, и предметите во полињата и областите од клиничката медицина, сестринство кои се тесно поврзани со професијата медицинска сестра/медицински техничар;
- Поседува знаење и вештини да учествува во одредени истражувања, без разлика на категоризацијата (научни и апликативни), подобрувајќи ја праксата од областа на онкологијата;
- Има способност компетентно да следи и користи показатели, од најновите истражувања во земјата и странство, од онкологија, онколошко сестринство и други полиња и области од медицинската наука;
- Општествено-национална потреба е земјата да располага со високо едуцирани медицинска сестри/медицински техничари, специјалисти по онкологија, кои ќе можат да бидат ангажирани во решавањето на здравствените потреби и проблеми кај населението.

**примена на знаењето и разбирањето**

Дипломираната медицинска сестра, специјалист по Онкологија е оспособена за:

- пружање на специфична онколошка нега
- можност за проценка на квалитативните и квантитативните последици по здравјето на индивидуата и општеството поврзани со дијагнозата рак.
- проценка на улогата на превенцијата на ракот
- детекцијата, здравствената помоција и едукацијата на пациентите во редукција на инциденцата на рак.
- примена на новите начини на третман на ракот и потребата од ажурирање на нови знаења и вештини во техничките специјалности важни за сестрата.

**способност за проценка**

-на потребите од имплементирање и евалуација на нивото на интервенциите за менацирање на комплексните, бројните здравствени потреби на болните од рак и нивните семејства.

-на потребната примена на соодветна грижа за коморбидитетот, импактот на хроничното заболување и долготрајното преживување на болните од рак.

-за примена на информатичката технологија во имплементацијата на практиката кај сестринската грижа

- за учество и превземање на улога на координатор на клинички истажувања од областа на онкологијата, со познавање на методите на клиничките онколошки истражување и улогата на сестрата во нив.

**комуникациски вештини**

- Специјалистот е едуциран за примена на комуникациските вештини за време на работа во тимот, во комуникација со пациентот и семејството;
- Активно учество во домашни и меѓународни здруженија, од областа на онкологија;
- Учествува во тимска работа, користи стручни и научни часописи, учествува во национални и меѓународни семинари, конференции, конгреси, проекти итн.

**вештини на учење**

- Континуирано ги следи најновите медицински научни достигнувања;
- Превзема иницијатива за постојано професионално унапредување, со висок степен на самостојност во донесувањето одлуки во доменот на својата професија, како и тенденција за пренесување на знаењето и вештините на своите колеги;
- Користи специјализирани софтвери и други информатички техники и технологии, при стекнување на нови сознанија и вештини.

**<u>Листа на предмети</u>**

**Семестар 1**

*Сестринска грижа на болен од рак (6 ЕКТС)*

Целта на изучување на оваа наставна дисциплина е вовед во клучните концепти на креирање и развој на служби за поддршка на лицата со рак на национално и интернационално ниво. Организација на процесот на здравствена нега како метод на задоволување на потребите на болниот Проценка на тоа колку индивидуата и општеството се засегнати од инциденцата на малигните заболувања од културен аспект и ставовите и вредностите поврзани со ракот. Проценка на улогата на онколошката сестра во грижата за болниот кој е хоспитализиран, на превенцијата, детекцијата, здравствената промоција и едукацијата на пациентите за редукција на инциденцата на ракот. Грижа за болните од рак во домашни услови како и во заедницата воопшто. Обезбедување на соодветна сестринска процена на телесните, социјалните, културните, психолошките и спиритуалните фактори. Мониторирање на статусот на болниот во врска со знаците на влошување и преземање на соодветни интервенции. Имплементирање и евалуација на сестринските интервенции за менаџирање на бројните, комплексни, здравствени потреби на болните од рак и нивните семејства. Работа во партнерство со болниот за менаџирање на симптомите на ракот и последиците од третманот. Обезбедување персонализирани планови за нега базирани врз индивидуалните ризици, потреби и барања на болниот.

*Биологија и терапија на ракот (6 ЕКТС)*

Целта на изучување на овој  предмет е воведување во основите на развојот на ракот и биолошките процеси кои придонесуваат за развој на ракот. Студентот  треба да научи не само како се појавува ракот, туку зошто и како се лекува. Новите методи на лекување на ракот кои брзо се развиваат бараат нови знаења и вештини и континуирана сестринска едукација.

*Палијативна и супортивна грижа во онкологијата (6 ЕКТС)*

Овој предмет обезбедува знаење и вештини поребни за поддршка на болните за време на лекувањето, преживувањето и напреднатата болест. Ракот се почесто се лекува повеќе години затоа е значајно да се разбере коморбидитетот, и долготрајните последици од ракот и неговото лекување како и долготрајното следење на болните. Стадиумот на напреднат рак, исто така е предизвик за онколошката сестра во менаџирањето на симптомите, менувањето на терапијата како и поминувањето од активна во палијативна нега.

*Психоонкологија, информирање и комуникација во онкологијата (6 ЕКТС)*

Да се зголеми знаењето за влијанието на дијагнозата и третманот на рак врз болните, нивните семејства и здравствените работници. Дијагнозата рак предизвикува значајни психички и телесни последици, што неизбежно влијае врз квалитетот на живот, функционалната способност и професионалниот статус. Стравот од смрт и неизвесноста

од оздравувањето, социјалните проблеми, како и начинот на кој пациентот се справува со болеста, директно влијае на процесот на опоравување на болниот и на неговото семејство.

*Изборни предмети (се избораат **два предмети од понудени 5 од листата)** (3 ЕКТС)*

*Лидерство и менаџирање на сестринските ресурси во онкологијата*

Целта на овој предмет е:

1. Демонстрирање на апликацијата на правни, етички и професионални принципи во праксата и тежнеење ефикасно да се застапува пациентот во секое време.
2. Да се обезбеди лидерство во имплементацијата и евалуацијата на стандардите за квалитет во грижата за болните од рак.
3. Процена на ризикот и имплементирање на стратегии за менаџмент на ризици со цел да се промовира добросостојбата и безбедноста на болниот.
4. Демонстрирање на начините за континуиран професионален развој и активно унапредување на учењето во клиничката пракса.
5. Демонстрирање на можноста за планирање алоцирање, координирање и евалуација на употребата на здравствените ресурси на соодветен начин.

*Сестринска грижа во онколошките клинички истражувања*

Целта е сестрата да развие вештини за да знае да истражува, да забележува и критички да ја опсервира онколошката пракса. Тоа е потребно за да го разбери процесот на онколошкото истражување и нејзината улога во него во развојот на новите терапии и познавањето на ракот. Една од тешкотиите во спроведувањето на медицината базирана на докази е нејзината имплементација и тука сестрата ќе се запознае со бариерите и надминувањето на истите со цел полесно имплементирање на новите сознанија за лекување на ракот.

*Животната средина и ракот*

Целите на ваквата едукација е во директна врска со ставовите на СЗО, која стои зад истражувањето, дека повеќе од 60% од етиологијата на болестите ( вклучително и ракот) се резултат на состојбите во животната средина и стресот.

*Сестринска грижа во педијатриската онкологија*

Целта на студиската програма е едукација на студентите за специфичностите во педијатриската онкологија, и влијанието на онколошките заболувања врз растот и развојот на децата.

*Епидемиолошки карактеристики на малигните заболувања*

Да се зголеми знаењето за екоепидемиологијата односно пристапите за истражување на причинителите на болеста. На тој начин се доаѓа до посовремени детектирања на факторите на малигни заболувања, односно се дефинираат епидемиолошките модели на примена. Исто така студентите во пракса ќе го воочат несоодветното собирање и водење

на податоци во регистрите на малигни заболувања, како и понатамошна нивна обработка и поврззаност. На основа на лоцирање на факторите на ризик и трендот на заболувања, ќе се осознаат начините за одредување територијална дистрибуција на малигните заболувања.

**Семестар 2**

*Практична настава*

Практичната настава е предвидена како три задолжителни предмети. Цел на практичната настава е по завршувањето на специјализацијата медицинската сестра да може да одговори на бројните задачи на работното место, кои по квалитет и содржина ќе одговораат на претходно усвоените знаења во образовниот процес, во однос на теоретската и практична настава. Дипломираната медицинска сестра - специјалист за Онкологија, може да се вклучи во работниот процес во специфични здравствени установи кои третираат онколошки пациенти.(Институт за онкологија, Онколошки одделенија, центри за палијативна нега,).